Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 381//0306
10.11 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24.10.2025 година, врз основа на примена жалба од **Пелагија Стојанчова** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„ВРАНА НА ВРАНА И ОБВИНИТЕЛ НА ОБВИНИТЕЛ ОЧИ НЕ ВАДИ Како обвинителките Сарамандова, Елмази и Стефанова ја спасија Татјана Кацарова, миленичката на Љупчо Коцевски“,** објавен од интернет порталот – онлајн медиум Плусинфо.мк (plusinfo.mk) на 14.10.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката до СЕММ, на 15.10.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „ВРАНА НА ВРАНА И ОБВИНИТЕЛ НА ОБВИНИТЕЛ ОЧИ НЕ ВАДИ Како обвинителките Сарамандова, Елмази и Стефанова ја спасија Татјана Кацарова, миленичката на Љупчо Коцевски“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Плусинфо.мк (plusinfo.mk) на 14.10.2025 г., при што се жали на незастапена втора страна, на дикриминација, на мешање на факти и мислења, вест и коментар и на пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Во жалбата, меѓу другото, се цитираат повеќе делови од текстот што е предмет на жалбата, како и меѓунаслови и се наведува:
„Гореспоменатите меѓунаслови се дискриминаторски и авторот меша коментар и мислење.
Во текстот недостасува втората страна“.

Како пример за коментар, жалителката го наведува и следниот пасус: „Авторот на оваа приказна ќе ја заврши со којзнае кое по ред укажување до владејачкото мнозинство дека и тоа е одговорно што вакви луѓе ја водат клучната институција во македонското правосудство. Штетите од тоа се огромни, а наскоро ќе бидат и драматични“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше му беше доставен одговор од медиумот во кој, меѓу другото, се наведува дека:

„Авторот ги отфрла и наводите на жалителката дека не била проверена втората страна во врска со тврдењето за исходот од дисциплинска постапка против обвинителката Татјана Кацарова за противзаконско држење во притвор на едно лице подолго од 70 дена, при што наведува дека пишувањето на одлуките, односно известувањата од дисциплинската постапка во Јавното обвинителство доцнат, но и дека фактите зборуваат дека нема сомневање во незаконското однесување на Кацарова.

Околу обвинувањата за мешање на факти со коментар, во одговорот на авторот се наведува:

„По својот жанровски облик, по тоа што е потпишана од мене (Бранко Героски) како автор, по насловот и по меѓунасловите, по креирана илустрација со ВИ алатка и по стилот, нема никакво сомневање дека оваа анализа е еден коментаторски осврт на една скандалозна приказна во македонското правосудство. Нема тука никакво ‘мешање на фактите и мислењето’...“.

Притоа на Жалбената комисија на СЕММ и се предлага жалбата да биде отфрлена.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „ВРАНА НА ВРАНА И ОБВИНИТЕЛ НА ОБВИНИТЕЛ ОЧИ НЕ ВАДИ Како обвинителките Сарамандова, Елмази и Стефанова ја спасија Татјана Кацарова, миленичката на Љупчо Коцевски“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Плусинфо.мк (plusinfo.mk) на 14.10.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1 и 13 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој по својата форма е хибриден жанр, кој самиот автор го толкува како „анализа која е коментаторски осврт“, а кој има неспорен јавен интерес бидејќи станува збор за состојби и одлуки на Јавното обвинителство во целина или негови организациски делови и конкретни обвинители.

Комисијата, разгледувајќи го текстот во целина, оцени дека анализата не се ограничува само на утврдената незаконитост на притворот, туку оди многу подалеку – наведува наводни улоги, влијанија и мотиви на други обвинителки и на државниот обвинител („по наредба на државниот обвинител“, „тајфата на Коцевски“, „гласале по негово барање“). Таквите тврдења не се предмет на никаква „res judicata“, како што наведува авторот во своето образложение до Комисијата за жалби – тие не се правосилно утврдени факти, туку интерпретации и обвиненија кои треба да бидат проверени и потврдени со став од засегнатите страни. Наведените квалификации за посочените личности („по наредба на државниот обвинител“,„гласале по негово барање“...), се тврдења за кои авторот во текстот само на едно место се повикува на извор/и во Дисциплинската комисија, кога го опишува образложението на одлуката за запирање на постапката против една од посочените обвинителки.

Поради тоа, Комисијата процени дека, иако јавниот интерес е неспорен, тој не ја исклучува етичката и професионалната обврска за рамнотежа при известувањето и поткрепа на кажаното преку „проверка на информациите колку што е тоа можно“ (член 1 од Кодексот), што во случајот не било сторено. Односно, во текстот се изведуваат заклучоци за одлуки на јавни обвинители посочени со име и презиме без конкретно да се упати прашање до нив или да се направи обид да се добие официјалното образложение за заклучокот на Дисциплинската комисија.

Во однос на разграничувањето на фактите од мислењето, Комисијата смета дека и во ваквата жанровската определба на самиот автор – според него 'коментаторски осврт', разграничувањето мора да е видливо. Во конкретниот текст ова не е случај. Имено, написот е структуриран и позициониран во рубриката Македонија, како информативна вест со наведени факти, документи и службени постапки, а не во делот за коментари, иако медиумот има јасна рубрична поставеност на коментарот. Ниту една ознака, ниту воведен пасус не укажува дека текстот е колумна или став. Просечниот читател не може јасно да препознае дека се работи за мислење.

Освен ова, текстот е полн со вредносни квалификации: „шлепер путер на главите", „глупира Сарамандова", „егзекуторката на Коцевски", „тајфата на обвинителот", „генијалциве", „будали", „егзекуторка", „миленичка"..., со што е доведен на границата меѓу правото на критичко мислење и коментирање и лична дискредитација на поединци, бидејќи ја заменува аргументацијата со лична пресуда што е неприфатливо дури и тогаш кога станува збор за коментар. Етичкото правило наложува и коментарите и анализите да се засновани врз потврдени факти, а во текстот тоа не е јасно потврдено, бидејќи недостасуваат и други извори, освен едниот кој како анонимен е наведен во еден дел од написот.

Од тука, Комисијата со мнозинство гласови одлучи дека се прекршени членот 1 и членот 13 од Кодексот на новинарите на Македонија:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 13**

Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска, Мирче Адамчевски и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595